**20090731270**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ВОЗИЛАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, КАКО И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРСКИТЕ ТАБЛИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на регистрирање на возилата на моторен погон и приклучните возила (во натамошниот текст: возилата) на Полицијата во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Полицијата), како и за формата и содржината на регистарските таблици.

Член 2

Возилата на Полицијата се службени возила, со и без ознаки на Полицијата.

Службените возила на Полицијата што се посебно обележани и опремени, се користат за извршување на полициски работи, согласно прописите за полиција.

Регистрацијата на возилата од ставот 2 на овој член се врши во Министерството за внатрешни работи.

Возилата на Полицијата што не се посебно обележани се регистрираат и им се продолжува регистрацијата, согласно прописите за регистрација на возила.

Член 3

Службените патнички автомобили на Полицијата се обоени со бела боја и имаат:

1. ознака „ПОЛИЦИЈА“ испишана со сини букви од двете бочни страни, со големина на буквите 150 мм. X 135 мм. (Образец бр. 1) над која на предната лева и десна врата е поставен амблем на Полицијата, со димензии 210 мм. X 210 мм., што е со сина основа и на него, на жолта кружна подлога со сини букви се отпечатени зборовите: „ПОЛИЦИЈА“ и „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, а во средината со жолта боја е отпечатен симболот на Република Македонија (Образец бр. 2);

2. на капакот над моторот и на капакот на задниот дел е поставен амблем на Полицијата, со иста боја и изглед како на левата и десната врата, со димензии 500 мм. X 500 мм., односно со димензии 290 мм. X 290 мм.;

3. на задниот дел, над регистарската таблица има ознака „ПОЛИЦИЈА“, напишана со сини букви, со големина на буквите 70 мм. X 70 мм.;

4. вградено ротационо или треперливо сино светло на највисокото место на возилото и

5. вграден уред за давање звучни знаци во низа тонови со различна висина.

Член 4

Службените патнички автомобили на Единицата за безбедност на патниот сообраќај на автопат се обоени со бела боја и имаат:

1. ознака „POLICE“ испишана со сини букви од двете бочни страни со димензии на ознаката 1200 мм. X 135 мм. (Образец бр. 3);

2. на капакот над моторот поставен е амблем на Сообраќајната полиција во форма на штит, со димензии 500 мм. X 500 мм., што е со сина основа и на него со бели букви се отпечатени зборовите „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ и „REPUBLIC OF MACEDONIA“,

а под нив се отпечатени зборовите „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“, под кои, во средината на амблемот е сместен симболот на Сообраќајната полиција и под него се отпечатени зборовите „TRAFFIC POLICE“ (Образец бр. 4);

3. на капакот на задниот дел има ознака „ПОЛИЦИЈА“ испишана со сини букви со димензии на ознаката 140 мм. X 90 мм.;

4. странично, по должината на автомобилот, се наоѓа лента со наизменично распоредени бели и сини коцки, при што ширината на лентата изнесува 280 мм., а коцките се со димензии 140 мм. X 140 мм. (Образец бр. 5);

5. на задниот дел, над регистарската таблица се наоѓа лента со наизменично распоредени бели и сини коцки, при што лентата е со димензии 1200 мм. X 140 мм., а коцките се со димензии 70 мм. X 70 мм.;

6. странично, по должината на автомобилот, како и на предниот и задниот браник се наоѓа бела лента, која е со ширина од 60 мм.;

7. вградено ротационо или треперливо сино светло на највисокото место на возилото и

8. вграден уред за давање звучни знаци во низа тонови со различна висина.

Ознаките, амблемот на Сообраќајната полиција, лентата со наизменично распоредени бели и сини коцки и белата лента на службените патнички автомобили од ставот 1 на овој член се изработени од рефлектирачка фолија.

Член 5

Службените специјални, теренски и комби возила на Полицијата се обоени со:

1. бела боја и имаат: ознака „ПОЛИЦИЈА“, испишана со сина боја од двете бочни страни, амблем на Полицијата на капакот над моторот, доколку е тоа можно со оглед на конструкцијата на возилата, два паралелно поставени амблеми на Полицијата на задната страна, доколку е тоа можно со оглед на конструцијата на возилата, ротационо сино светло и уред за давање звучни знаци, согласно член 3 став 1 точки 1, 2, 4 и 5 од овој правилник.

2. темно зелена или сина боја и имаат: ознака „ПОЛИЦИЈА“, испишана со бела боја од двете бочни страни, амблем на Полицијата на капакот над моторот, доколку е тоа можно со оглед на конструкцијата на возилата, два паралелно поставени амблеми на Полицијата на задната страна, доколку е тоа можно со оглед на конструцијата на возилата, ротационо сино светло и уред за давање звучни знаци, согласно член 3 став 1 точки 1, 2, 4 и 5 од овој правилник.

Член 6

Службените мотоцикли на Полицијата се обоени со бела боја и имаат: ознака „ПОЛИЦИЈА“, испишана со сини букви од двете бочни страни на штитникот, треперливо сино светло и уред за давање звучни знаци, согласно член 3 став 1 точки 4 и 5 од овој правилник.

Член 7

Службените автобуси и товарните моторни возила на Полицијата се обоени со сина боја и имаат ротационо сино светло и уред за давање звучни знаци, согласно член 3 став 1 точки 4 и 5 од овој правилник.

Член 8

Службените патнички, теренски, комби возила, автобуси и товарните моторни возила на Граничната полиција се обоени со бела боја и имаат ознака „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ испишана со сини букви од двете бочни страни (Образец бр. 6).

Службените мотоцикли на Граничната полиција се обоени со бела боја.

Член 9

Бојата на службените возила на Полицијата се утврдува според усвоениот каталог на бои за регистрација на возилата.

Член 10

Службените возила на Полицијата наместо регистарска таблица на предната страна имаат таблица со бела боја на која со сини букви е испишана ознака „ПОЛИЦИЈА“, под која на црвена подлога со бели букви стои ознака „POLICE“. Регистарската таблица на задната страна од возилото содржи два трицифрени броеви помеѓу кои е поставен амблем на Полицијата.

На горната и долната страна на регистарската таблица е втисната права црвена линија (црвени граничници).

Регистарските таблици се прицврстуваат на возилото со пластична рамка, која е составен дел на регистарската таблица.

Формата и големината на регистарските таблици за службените моторни возила, приклучни возила и мотоцикли, се утврдени во обрасците од број 7 до број 10.

Член 11

Обрасците од број 1 до број 10 се составен дел од овој правилник.

Член 12

Постојните службени патнички, теренски, комби возила, автобуси и товарните моторни возила и мотоциклите на Граничната полиција кои што се обоени и имаат ознаки согласно Правилникот за регистрацијата на возилата на Полицијата во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/07 и 146/07) ги задржуваат истите сé до нивното расходување.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за регистрацијата на возилата на Полицијата во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/07 и 146/07).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14.1-36378/1
2 јуни 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

Образец бр. 1

# ПОЛИЦИЈА

Образец бр. 2




Образец бр. 3

**POLICE**

Образец бр. 4



Образец бр. 5



Образец бр.6

ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА

Образец бр. 7



Образец бр. 8




РЕГИСТАРСКА ТАБЛИЧКА
ЗА ПРИКЛУЧНО ВОЗИЛО

Образец бр. 9




РЕГИСТАРСКА ТАБЛИЧКА
ЗА МОТОЦИКЛИ СО РАБОТНА ЗАФАТЕНОСТ НА МОТОРОТ
ПРЕКУ 50 ССМ

Образец бр. 10

| РЕГИСТАРСКА ТАБЛИЧКА A x B | | БУКВИ И БРОЕВИ | | ЗНАК | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | d | H | a | h |
| 520 | 110 | 9 | 74 | 55 | |
| 280 | 200 | 9 | 74 | 55 | |
| 200 | 200 | 5 | 50 | 40 | |